Влада на Република Северна Македонија
**Агенција за млади и спорт**

Врз основа на програмата за работа за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт, Сектор млади, како и Правилникот за определување постапка и утврдување на критериуми за доделување на награди на млади талентирани лица во Република Северна Македонија, донесен од страна на директорот на Агенцијата за млади и спорт, со бр. 01-1612/1 од 03.08.2018 година, се објавува

*ЈАВЕН ПОВИК*

Агенцијата за млади и спорт објавува Јавен повик за доделување на награди за Млади талентирани лица.

На повикот можат да се пријават:

I. млади лица кои се дел од тимот кој ќе учествува на меѓународни натпревари по завршени селекциони натпревари, кој се учесници на државните натпревари организирни од страна на лиценцирани Здруженија на наставници од страна на Министерство за образование и наука, со доставување на следната документација:

1. исправа за лична идентификација
2. извештај од оддржаниот државен натпревар
3. извештај од оддржаниот селекционен натпревар и рангирање на учениците за учество на меѓународен натпревар
4. копија од решение за акредитација на Здружението на наставници за организирање на државни натпревари, издадено од Министерство за образование и наука

II. млади лица кои имаат освоено прво, второ или трето место на организирани меѓународни натпревари со доставување на следната документација:

1. исправа за лична идентификација
2. диплома/извештај за освоено прво, второ или трето место
3. потврда за редовен студент/ученик
4. Потврда (уплата на котизација) за учество на меѓународен натпревар
5. Уверение за државјанство

***Младите лица кои ги исполнуваат условите ќе бидат наградени со еднократен паричен надомест со висина од две просечни нето плати исплатени по работник во Република Северна Македонија во последните два месеци пред доделување на наградата (објавен просек од страна на Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија).***

Влада на Република Северна Македонија
**Агенција за млади и спорт**

Агенцијата за млади и спорт ги охрабрува сите, млади луѓе на возраст од 15 до 29 години, кои ги исполнуваат условите, а освоиле награда во текот на 2021 година, да ја достават потребната документација *до :*
*Агенција за млади и спорт, Сектор млади*
*Ул. Македонија 38, 1000 Скопје(Палата „Панко Брашнаров“)*
*Со назнака „Млади талентирани лица“*
*Или лично, во Архивата на Агенцијата за млади и спорт.*

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат mail:gordana@ams.gov.mk секој работен ден од 8.30 до 16.30 часот, или во просториите на Агенција за млади и спорт, Сектор млади.

**Јавниот повик ќе трае до искористување на средствата предвидени за оваа намена за 2021 година**

**Документацијата за лична идентификација по завршување на постапката ќе биде уништена согласно законот за заштита на лични податоци.**

*НАПОМЕНА:*

**На Јавниот повик не може да остварат право млади лица кои освоиле резултати на меѓународни и државни натпревари во областа на спортот**.